**ДП. бр. 307**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 1595 од 20.10.2010 година на Претседателот на Комората на извршители на РМ, по одржан главен претрес на ден 30.11.2010 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОГЛАСУВА** за виновен извршител М.Х. именуван за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

**ЗАТОА ШТО**

На ден 17.06.2009 год при спроведување на извршувањето по предмет заведен кај извршителот под И.бр.53/08, донел Заклучок за втора усна јавна продажба И.бр. 53/08 врз основа на 167 ст.1, чл. 169 ст. 1 и чл. 170 ст.1 од Законот за извршување, и на одржана продажба на ден 06.07.2009 год со Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање врз основа на чл. 175 ст.4 од ЗИ, покрај останатиот имот продал и имот евидентиран во имотен лист бр.213 за КО Радибуш, иако имотот во целост не бил сопственост на должникот, туку должникот бил сопственик на ½ а на останатиот дел од ½ сопственик било третото лице С.С. од Скопје, кое не е странка во извршувањето и извршителот со Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.53/08 од 08.07.2009 год. на купувачот ДППТУ И. П. ДООЕЛ Скопје му го предал во владение имотот кој бил продаден на усната продажба, опфаќајќи го меѓу останатиот и имотот кој не е сопственост на должникот во дел од ½. Извршителот М.Х. по добиените сознанија за правните пречки за запишување на правото на сопственост во јавната книга во делот на сопственоста на недвижниот имот КО Радибуш од имотен лист бр.213, предаден во владение на купувачот на ден 08.07.2010 год. со Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.53/08, донел Дополнување на заклучок за намирување И.бр. 53/08 на 29.12.2009 година со кој после текстот – недвижен имот кој се наоѓа во КО Радибуш додал нов текст и тоа “ ½ идеална половина кој се наоѓа на имотен лист бр. 213 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ – Одделение за катастар на недвижности на град Крива Паланка“, со што на купувачот му одземал дел од купената недвижност, а без при тоа на купувачот да му врати дел од средствата сразмерно со намалениот дел од недвижноста која купувачот ја купил на наддавањето, односно сразмерно на ½ идеална половина од вредноста на недвижноста за кој дел и нема право да се запише како сопственик во јавната книга.

со кои дејствија извршителот извршил прибелешка во имотен лист, продал и му предал во владение на купувачот недвижност која не можела да биде предмет на извршување и по донесување на дополнение на заклучок не била направена корекција на вредноста на недвижноста ниту е направен поврат на средства сразмерно со намалениот дел од недвижноста, па со ваквото нестручно и несовесно постапување во предмет согласно со член чл. 54 став 2 и став 3 од Законот за извршување, извршителот М.Х. од Скопје сторил дисциплинска повреда од член 54-в алинеја 2 од Законот за извршување„ ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност“.

За сторената дисциплинска повреда, со примена на правилата на кривично право за ублажување на казната **МУ СЕ ИЗРЕКУВА** дисциплинска мерка парична казна во износ од 500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на исплата.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител М.Х. од Скопје утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука.

***Образложение***

Претседателот на Комората на извршители на РМ на ден 20.10.2010 година поднесе Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр. 1595 против извршител М.Х., врз основа на иницијатива на Друштвото за посредување, производство, трговија и услуги В.И.П. ДООЕЛ експорт-импорт, учесник во извршувањето. Предлогот е со наводи дека извршителот при спроведување на извршувањето по предмет И.бр.53/08, заведен врз основа на барање за извршување од доверител Друштво за производство, надворешна и внатрешна трговија, финансиски и технички инжинеринг и деловни услуги Т.С. и други ДОО-во стечај од Скопје, преку полномошник С.Т. адвокат од Скопје поднесено на ден 26.02.2008 година, засновано на извршна исправа ОДУ.бр.381/00 од 26.07.2000 на Нотар Б.С. од Скопје, против должник Љ.С. од Крива Паланка и хипотекарен должник А.С. од Крива Паланка, извршителот издал налог за извршување врз основа на чл.154 од Законот за извршување за спроведување на извршување врз недвижност на идеална половина и на второ усно јавно наддавање одржано на 06.07.2009 г. со Заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање И.бр.53/08, му го продал на купувачот Друштво за посредување, производство трговија и други услуги И.П.В. ДООЕЛ експорт импорт Скопје, цел недвижен имот кој се наоѓа во КО. Радибуш на имотен лист бр.213 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ - Одделение за катастар на недвижности на град Крива Паланка. Предлогот е и со наводи дека по добиените сознанија за правните пречки за запишување на правото на сопственост во јавната книга во делот на сопственоста на недвижниот имот КО Радибуш од имотен лист бр. 213, предаден во владение на купувачот на ден 08.07.2010 год. со Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.53/08, извршителот М.Х. од Скопје донел Дополнување на заклучок за намирување И.бр. 53/08 на 29.12.2009 со кој после текстот – недвижен имот кој се наоѓа во КО Радибуш се додава нов текст и тоа “ ½ идеална половина кој се наоѓа на имотен лист бр. 213 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ – Одделение за катастар на недвижности на град Крива Паланка“, со предлагачот смета дека на што купувачот му е одземен дел од купената недвижност без при тоа на купувачот да му е направен поврат на средства од страна на извршителот сразмерно со намалениот дел од недвижноста која купувачот ја купил на наддавањето, односно сразмерно на ½ идеална половина од вредноста на недвижноста за кој дел го губи и правото да го запише во јавна книга иако со истото се стекнал врз основа на Заклучокот на извршителот, го примил во владение недвижниот имот и ја платил утврдената цена во предвидениот рок. Предлагачот предлага да му се изрече на извршителот дисциплинска мерка за дисциплинска повреда по член 54-в алинеја 2 од Закон за извршување.

Извршителот М.Х. во своја одбрана наведе дека при спроведување на извршување по предмет И.бр. 53/08 сторена е ненамерна техничка грешка во поглед на недвижностите од имотен лист бр.213 за КО Радибуш, па извршителот по добиените информации за неможноста да биде запишана промена на сопственоста во Катастар, донел дополнување на Заклучок за извршена продажба на недвижност И.бр.53/08 од 29.12.2009 год.; дополнување на Заклучок за

предавање на недвижност во владение И.бр.53/08 од 29.12.2009 год. и дополнување на Заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање И.бр.53/08 од 29.12.2009 год. и со сите дополненија после текстот – недвижен имот кој се наоѓа во КО Радибуш се додава нов текст и тоа “ ½ идеална половина кој се наоѓа на имотен лист бр. 213 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ – Одделение за катастар на недвижности на град Крива Паланка“ а во останатиот дел заклучоците остануваат непроменети, со што ненамерната техничка грешка сторена во продажбата била исправена. Извршителот наведе дека наводите за поврат на средства на купувачот, односно поврат на половина од уплатената цена, се неосновани од причина што тој се јавил како најповолен купувач на втора усна јавна продажба на која вредноста на недвижностите кои биле предмет на продажба секако била намалена од проценетата вредност согласно Проценката на вештото лице ТД М. ДООЕЛ Скопје. Извршителот смета дека доколку купувачот сметал дека продажбата има пропусти во поглед на спорниот дел од имотен лист бр.213 за КО.Радибуш, имал законско право и рок да бара поништување на продажбата во овој дел, меѓутоа и со поништената продажба за делот од имотен лист бр. 213, цената за купениот имот немала да претрпи промена.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 30.11.2010 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на: Пријава од И.П. ДООЕЛ Скопје; Извештај за пазарна вредност на недвижности од ТД М. ДООЕЛ Скопје од март 2009 год; Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И. бр.53/08 од 26.03.2009; Имотен лист бр. 213 бр.1105-3/3035 за КО Радибуш; Имотен лист бр.213 од 21.12.2009 за КО Радибуш; Заклучок за усна јавна продажба И.бр. 53/08 од 17.06.2009 година; Заклучок за продажба на недвижност на јавно наддавање И. бр.53/08 од 06.07.2009 година; Заклучок за извршена продажба И.бр.53/08 од 08.07.2009 година; Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.53/08 од 08.07.2009 година; Предупредување пред тужба од И.П. ДООЕЛ Скопје; Потврда за делумно запишување на промена во катастарот на недвижностите; Дополнување на заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање И. бр. 53/08 од 29.12.2009 година; Дополнување на Заклучок за извршена продажба на недвижност И. бр.53/08 од 29.12.2009 год.; Дополнување на Заклучок за предавање на недвижност во владение И. бр. 53/08 од 29.12.2009 г ; Дополнување на Заклучок за намирување И.бр.53/08 од 29.12.2009 г; Предупредување пред тужба од 11.03.2010 од И.П.ДООЕЛ Скопје; Потврда за запишување на промена во катастарот на недвижности бр. 1113-160 од 26.03.2010 год. ;Барање за спроведување на извршување од 26.02.2008 год; Нотарски акт ОДУ бр.381/00 од 26.07.2000 на Нотар Б.С. од Скопје; Купопродажен договор од 26.07.2000 година ; Налог за извршување врз недвижност И. бр. 53/08 од 17.03.2008 година; Заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање И. бр.53/08 од 06.07.2009 година; Заклучок за определување на вешто лице кое ќе врши процена на недвижност И.бр.53/08 од 12.01.2009 година; Налог за дополнително извршување врз недвижност И.бр.53/08 врз чл.154 од 21.11.2008 год; Заклучок за намирување И.бр.53/08 од 10.07.2009 година; Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.53/08 од 08.07.2009 г.; Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање врз чл.175 ст.4 И.бр.53/08 од06.07.2009 год; Заклучок за усна јавна продажба по чл. 167 ст 1, чл.169 ст.1 и чл.170 ст.1 И.бр.53/08 од 17.06.2009г. сите на извршител М.Х. од Скопје.

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 1595 од 20.10.2010 година, одговорот на извршител д.б. 1143 од 09.07.2010 година, дополнение на одговор д.б.1737 од 23.11.2010 година, па врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот М.Х. спроведувал извршување врз основа на барање за извршување од доверител Друштво за производство, надворешна и внатрешна трговија, финансиски и технички инжинеринг и деловни услуги Т.С. и други ДОО-во стечај од Скопје, преку полномошник С.Т. адвокат од Скопје поднесено на ден 26.02.2008 година, засновано на извршна исправа ОДУ.бр.381/00 од 26.07.2000 на Нотар Б.С. од Скопје, против должник Љ. С. од Крива Паланка и хипотекарен должник А.С. од Крива Паланка. Извршителот издал Налог за извршување врз основа на чл.154 од Законот за извршување за спроведување на извршување врз недвижност врз една идеална половина сопстевност на Хипотекарниот должник А.С. од Крива Паланка. Понатаму во постапката, на усно јавно наддавање одржано на 06.07.2009 г. со Заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање И.бр.53/08, му го продал на купувачот Друштво за посредување, производство трговија и други услуги И.П. В. ДООЕЛ експорт импорт Скопје, недвижниот имот кој се наоѓа во КО. Радибуш на имотен лист бр.213 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ - Одделение за катастар на недвижности на град Крива Паланка, така што го продал целиот имот. Извршителот со Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.53/08 од 08.07.2009 година му го предал во владение на купувачот ДППТУ И.П. ДООЕЛ Скопје имотот кој бил продаден на усната продажба. При обид на купувачот да го упише правото на сопственост во јавна книга , Агенцијата за катастар на недвижности на РМ - Одделение за катастар на недвижности на град Крива Паланка со Потврда од 28.10.2009 година за делумно запишување на промена во катастарот на недвижности ја одбил пријавата за промена за Имотен лист бр.213 за КО Радибуш поради несовпаѓање на податоците. Извршителот по добиените информации за неможноста да биде запишана промена на сопственоста во Катастар, донел дополнување на Заклучок за извршена продажба на недвижност И.бр.53/08 од 29.12.2009 год.; дополнување на Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр.53/08 од 29.12.2009 год. и дополнување на Заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање И.бр.53/08 од 29.12.2009 год. и со сите дополненија после текстот – недвижен имот кој се наоѓа во КО Радибуш бил додаден нов текст и тоа: " ½ идеална половина кој се наоѓа на имотен лист бр. 213 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ – Одделение за катастар на недвижности на град Крива Паланка", а во останатиот дел заклучоците останале непроменети. Со ваквото постапување, извршителот му продал недвижен имот на купувачот, кој недвижен имот не можел да биде предмет на продажба од причина што не бил во целосна сопственост на хипотекарниот должник и истиот не е составен дел на Договорот за обезбедување на паричното побарување со засновање на заложно право врз недвижен имот-Хипотека согласно извршната исправа, Нотарскиот акт ОДУ. Бр.381/00 на Нотар Б.С. од Скопје од 26.7.2000 година.

Дисциплинската комисија при одлучувањето врз основа на Предлогот од Претседателот на КИРМ, ги имаше предвид изнесената одбрана на извршителот во писмена форма и сметаше дека извршителот сторил дисциплинска повреда на начин што на усна јавна продажба на недвижен имот, продал имот кој не можел да биде предмет на продажба од причина што не е во целосна сопственост на хипотекарниот должник, и кој имот бил сопстевност на трето лице С.С. од Скопје и кој имот не бил составен дел од Нотарскиот акт со што постапил спротивно на одредбите за извршување врз недвижност од Законот за извршување бидејќи извршил прибелешка во имотен лист, продал и му предал во владение на купувачот недвижност која не можела да биде предмет на извршување и по донесување на дополнение на заклучок со кој бил корегиран имотот кој се продава и се предава во владение сепак не била направена корекција на вредноста на недвижноста ниту е направен поврат на средства сразмерно со намалениот дел од недвижноста, па со ваквото нестручно и несовесно

постапување во предмет извршителот М.Х. сторил дисциплинска повреда по чл. 54-в алинеа 2 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителните околности неговото примерно држење за време на дисциплинската постапка, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и последиците од истата степенот на одговорност на извршителот, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 30.11.2010 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.